

Томе Трајков

# СВЕТОТ ВО КАНЏИТЕ НА СПИРИТИЗМОТ

Феноменот спиритизам во светот видно се проширил во текот на Втората светска војна. Од тогаш тој сè повеќе е присутен во модерните христијански цркви во кои многу нивни водачи стануваат спиритисти, отворајќи ги ширум вратите на своите цркви за оваа окултна појава во чиишто матни води пливаат и тие и нивните верници. Спиритизмот со силен подем се шири и во редовите на научниците, особено кај оние кои се занимаваат со психички истражувања.

Основачот на Меѓународниот институт за психички истражувања, Шев Дезмонд, вели дека „идните“, како и некои денешни водечки „државници“, ќе се советуваат со „државниците од другите светови“. Спиритистичките феномени се одржале во текот на илјадници години на човечката историја и имале силно влијание врз општествениот, верскиот и политичкиот живот на многу народи. Денес забележуваме големо оживување на спиритизмот, и тоа е еден од знаците на нашето време.

## ПОТЕКЛОТО НА МОДЕРНИОТ СПИРИТИЗАМ

Спиритизмот е верување дека живите можат да одржуваат врска со духовите на мртвите. Со други зборови, спиритистите тврдат дека смрт не постои, туку мртвите и понатаму живеат. Според спиритистичкото учење, духовите на умрените имаат можност на другите светови да се усовршуваат и на крај сите ќе станат богови.

Модерниот спиритизам се појавил во Соединетите Американски Држави во 1848 година во местото Хадсвил, недалеку од Њујорк, во куќата на семејството Фокс. На 31 април во 1848 година се слушнало таинствено тропање на нивната врата. Мајката и двете ќерки биле будни. На прашањето кој чука, чукањето престанало. На прашањето дали чука жива личност, немало никаков одговор. А на прашањето дали чука мртовец, се слушнало силно чукање, што наводно требало да значи позитивен одговор.

Тогаш се развил разговор меѓу мајката Фокс и непознатиот дух. Мајката поставила и други прашања: Колку години има мојата ќерка, Маргарита, при што се слушнале дванаесет едноподруго удари, што требало да значи дека таа има дванаесет години. На прашањето колку години има помладата ќерка, Катерина, се слушнале девет удари. А на прашањето дали е тој дух, бил даден пози-



Модерниот спиритизам се појавил во Соединетите Американски Држави во 1848 година во местото Хадсвил, недалеку од Њујорк, во куќата на семејството Фокс.

тивен одговор со еден удар.

На духот му биле поставувани повеќе прашања на кои тој одговарал со чукање. Во натамошниот разговор тој кажал за себе дека е дух на Чарлс Б. Розма, трговец патувач, кој пред кратко време бил убиен во истата куќа. Духот исто така го посочил и убиецот и каде треба да копаат за да се пронајде неговото тело. На посоченото место во подрумот навистина биле пронајдени човечки коски.

Од почеток луѓето се смееле на прикаските на семејството Фокс за таинственото чукање, но кога тајните биле откриени и кога во подрумот навистина било откопано човечко тело, тогаш почнале поинаку да ги гледаат тие појави.

Подоцна Маргарита и Катерина се преселиле во Рочестер, кај нивната мажена сестра. Таму тие продолжиле редовно да одржуваат врска со духовите, и така се развил спиритизмот во модерен облик. Особено Маргарита станала силен спритистички медиум.

Луѓето, кои верувале во духови, почнале да се состануваат на таканаречени спиритистички сеанси. Се обидувале да ги повикуваат духовите на покојните и барале од нив одговор на разни прашања. Спиритизмот се проширил како вистинска епидемија. Во почетокот бил поврзан со имињата на Маргарита и Катерина Фокс, но бројот на симпатизерите бргу се зголемил. Три години подоцна во Америка бројот на спиритистите пораснал на 30.000. Се појавиле 6 спиритистички списанија кои ја пропагирале таа „наука“.

Спиритизмот се ширел и на другите континети. Во 1852 година во Лондон е одржана првата спиритистичка сеанса. Меѓу присутните била и госпоѓа Хиден од Америка. Голем пропагатор на спиритизмот бил и Д. Д. Хом. Тој во 1855 гоина дошол во Европа, пропатувал низ многу држави во кои го ширел спиритизмот и придобивал симпатизери.



Во Франција спиритизмот го пропагирал и го ширел професорот Хиполит Ревел. Тој почнал да се занимава со спиритизам во 1854 година кога за прв пат слушнал за маси кои се вртат. Во 1856 година нему „духот“ му рекол дека треба да го земе името Алан Кардец, бидејќи наводно тоа било неговото вистинско име од неговото поранешно постоење! Подоцна Кардец издал повеќе книги за спиритизмот. Во 1858 година го покренал списанието „Спиритистичка ревија“. Тој умрел во 1869 година. Неговата работа ја продолжиле Габриле Делан и Леон Дениц.

Следбениците на спиритизмот потекнуваат од сите општествени слоеви. Меѓу нив има научници, книжевници, политичари, проповедници, како и обични работници и селани. Господинот Оливер Лорце, голем научник, верувал дека често го гледал својот син кој му се јавувал како дух. Синот му загинал за време на Првата светска војна.

Фламарион, голем француски астроном, изјавил дека „секој научник, кој тврди дека спиритистичките феномени се невозможни, тврди нешто што не го познава“.

Денес се смета дека во светот има преку 60 милиони спиритисти. Спиритизмот посебно се шири како реакција против атеизмот и материјализмот.

## СПИРИТИСТИЧКИ ФЕНОМЕНИ

Спиритистите веруваат во егзистенција на духот и во можност да се одржува врска со духовите на умрените. Тој се претставува и како добротвор на човештвото, бидејќи може да ги „лекува луѓето и да им открие возвишен систем на верување“.

Според сфаќањето на спиритистите, секој човек не поседува способност да разговара со духовите. Затоа на спиритистичките сеанси потребни се посебни посредници - посредници меѓу духовите кои се наоѓаат некаде на другите светови и човекот кој сè уште живее на земјата. Луѓето кои посредуваат се нарекуваат **медиуми.**

- ✓ Спиритистите учат дека човекот се состои од три елементи: **од материјално тело, од духовна и бесмртна душа.**
- ✓ Спиритистичките феномени можеме да ги поделиме на неколку видови:
- ✓ **Психичко-физички феномени:** чукање, вртење на маси и столчиња, подигање на маси, врева, викање, гласови, светлосни, магнетни и електрични појави.
- ✓ **Психички феномени**: видовитост, дар на автоматско зборување и пишување.
- ✓ **Мешовити феномени:** физиолошко-психички, магнетски сон, нечувствителност, материјализација и дематеријализација...

Многу спиритистички феномени всушност биле само обични лаги. Спомнатиот француски астроном, Камил Фламарион, самиот бил присилен да признае: „Можам да кажам дека во текот на четириесет години речиси сите славни медиуми поминаа низ мојот салон и безмалку сите ги фатив во нивните лаги.“

Овде сакам да изнесам неколку карактеристични примери од модерните спиритистички сеанси.

Е. Ј. Рич, проповедник на адвентистичката црква во Лондон, решил да присуствува на еден спиритистички состанок за подобро да се запознае со суштината на спиритизмот. Кога излегол од подземната железница, близу до местото каде што мислел дека се наоѓа зградата во која требало да се одржи состанокот, неочекувано му пристапила брачна двојка кои го прашале: „Можете ли да ни кажете каде се наоѓа Форестеровата сала?“ Проповедникот им кажал дека и тој ја бара истата сала, и заедно пошле да ја бараат.

Одејќи по пат, проповедникот ги прашал што ги натерало да присуствуваат на тој сосотанок? Му кажале дека на својата врата пронашле проспект на кој биле повикани на тој состанок. Но „дојдовме од друга причина“, додал господинот. Така разговарајќи веќе влегле во салата и случајно во последниот ред пронашле три празни места каде што седнале сите заедно.

Состанокот почнал со духовна песна, а потоа следело кратко проучување. Говорникот зборувал дека смртта е нешто повеќе од продолжување на животот. Тврдел дека на сите нас по смртта ни

се дава уште една можност да изградиме карактер кој не сме успеале да го изградиме во овој живот.

По втората песна, кажува адвентистичкиот проповедник, тој продолжи да зборува. Наеднаш застана и рече: „Меѓу новодојдените на нашиов состанок вечерва се наоѓаат господинот и госпоѓата кои на 6 април пристигнаа од Кептаун, од Јужна Африка", и свртувајќи се, покажа директно кон последниот ред каде што седевме ние. „Господинот и госпоѓата се викаат Р... Името штотуку ми беше јавено. Пред помалку од шест седмици на госпоѓата Р. ѝ умрела сестра ѝ. Денес изутрина таа прими писмо во кое се наоѓа и последната фотографија на нејзината сестра." Потоа госпоѓата Р., целата вознимирана, ја извади таа фотографија на својата сестра.

Потоа говорникот запраша: „Можеби се прашувате од каде јас го знам тоа? Па оттаму што токму сега вашата сестра стои овде покрај мене на подиумов!" Говорникот продолжи да ѝ упатува утешни пораки на госпоѓата Р., такви пораки кои само нејзината сестра можела да ги знае.

Господинот и госпоѓата Р. беа наполно убедени дека мртвите навистина живеат по смртта. Подоцна тие станаа ревни следбеници на спиритизмот.

Познатиот спиритистички медиум, Чарлс Мирабели од Бразил, може да произведе чудни натприродни феномени среде бел ден или во осветлена сала. Кога се наоѓа во транс, тој може да зборува дванаесет и повеќе разни јазици, што инаку не ги употребува и не ги знае додека не е во транс. Тој на тие јазици може да зборува за разни предмети: за медицината, за правото, за филозофијата, економијата, религијата итн. Ако некој го запраша како може да зборува и да разговара за разни теми, негово објаснување е дека духовите зборуваат преку него. Понекогаш тој ги спомнува и имињата на духовите.



Додека е во транс, Мирабели може да пишува на дваесет и осум јазици. Во една пригода пишувал на чешки јазик и за чешката независност; во друга

пригода пишувал на персиски јазик за „нестабилноста на грчкото царство“. Никогаш тој во секојдневната комуникација не ги користи тие јазици. Тој тврди дека духовите пишуваат преку него.

Истиот Мирабели може да материјализира духови. На една сеанса во Сантос се појавил фантом (материјализиран дух) на едно девојче. Девојчето проговорило на глас, изговарајќи го зборот „папа“. Д-р Г. Соуз, кој присуствувал на таа сеанса, во ликот и во гласот на девојчето ја препознал својата умрена ќерка.

Еден од присутните, полковникот Виана, ја фатил раката на девојчето и му поставил неколку прашања на кои тоа давало разумни одговори.

Д-р Фредерик Кеј ја опишува сеансата на еден африкански вражар, кој го повикал убиениот поглавица да разговара со своето племе. Името на убиениот поглавица било Нкатос, а името на вражарот-медиум, Локанзи. На определено место бил подигнат дрвен престол. Вражарот почнал да извршува разни церемонии, а потоа почнал бесно да игра, така што од устата почнала да му излегува крвава пена и од телото крвава пот. За време на играта наеднаш паднал во транс и се чинело како да е мртов.



Во истиот миг на дрвениот престол се појавил материјализиран дух на убиениот поглавица. Секој можел да го види и да го слушне како зборува со природен глас, глас кој сите добро го познавале. „Јас ве гледам, драги мои“, рекол. А луѓето одговориле: „И ние те гледаме тебе, поглавицо!“ Потоа поглавицата јадел и пиел со народот; им кажал кој го убил и кој треба да биде негов наследник!

Кога поглавицата кажал сѐ што имал да каже, почнал да се крева од престолот кон Месечината и изчезнал. Неговиот убиец бил пронајден мртов, но патолозите не можеле да ја утврдат причината за неговата смрт, која останала таинствена.

Д-р Кеј вели за себе дека е скептик, но врз основа на тоа што го

видел во срцето на Африка се уверил дека е можно да се материјализираат „духовите на умрените“.

Во Англија како медиум-лекар се истакнал Хари Едвардс. Тој за себе вели: „Јас сум ништо. Ова исцелување лежи отаде човечката мудрост. Тоа го сторил некој кој е поголем од човек. Такви работи не се случуваат. Зад сето тоа стои еден закон и ние не можеме да работиме без помош на пријателските духови. Јас не сум ја проучувал науката за костоболки, но понекогаш чувствувам како моите раце трепераат. Знам дека тоа го прави виша сила.“

Еден друг медиј-лекар, Ј. Ј. Томас, за себе тврди дека излекувал над илјада лица. Имено, додека е во транс, со него наводно управува духот на еден умрен германски лекар кој се јавува под името д-р Роберт. Во почетокот на сеансата медиумот, кој е облечен во бел мантил, клекнува како да се моли, а потоа паѓа во транс. Во тој миг се јавува духот кој се претставува како д-р Роберт.

Д-р Роберт му се обраќа на пациентот со следните зборови:

„Јас сега ќе направам нешто што ниеден ваш лекар на земјата не може да го направи. Ќе го отворам вашиот желудник, и потоа пак ќе го сошијам, појако од шкотско кесе, како што велите вие на земјата. О да, ние сакаме да се шегуваме. Ние, од другиот свет, имаме смисла за хумор...“

Кога ја завршил операцијата, му рекол на пациентот: „Секоја вечер, пред да легнете, изговорете кратка молитва. Ако слушнете некое тропање, кажете: Добра ноќ! Ако луѓето ви кажат дека тоа е ѓаволска работа, кажете им дека тоа мора да биде добар ѓавол кој помага да се чувствувате добро, и потоа заблагодарете на Бога! Мир во вашите срца; бидете здрави; слава на Бога!“

Во Лондон е извршена една интересна спиритистичка операција. Медиум била госпоѓата Нортиге, а духот кој ја извршил операцијата се викал д-р Рејнолдс. Тој направил операција на чир на дванаесетпалецот.

Штом госпоѓата Нортиге паднала во транс во својот кабинет, се појавил материјализиран дух на д-р Рејнолдс, кој умрел пред повеќе години. Тогаш духот ѝ кажал на болната Елена Елмора дека ќе ѝ го замрзне делот од телото каде што ќе ѝ изврши операција, објаснувајќи дека ќе ѝ го извади чирот преку привремен отвор на желудникот. Потоа духот поминал на извршување на операцијата. Него-

вата рака како да се изгубила во стомакот на пациентот. Операцијата била направена онака како што рекол духот. Чирот бил сочуван и подложен на анализа во манчестерската лабораторија, каде што е утврдено дека навистина тоа е ткиво од вистински желудник.

По таа операција, духот направил уште една, отстранувајќи коска од повреден нос. Скрешените делови од коската на носот биле сочувани како доказ дека операцијата навистина била направена.

Тие појави и случки имаат силно влијание врз луѓето, уверувајќи ги за присуството на натприродните сили за кои спиритистите тврдат дека се духови на покојните.





Спиритистичките појави не се нови. Господинот Артур Конан Дојл вели: „Во еден или во друг вид, оваа работа е стара колку и историјата. Незнабошците веруваат дека нивните богови (духови) на умрените херои, се уврстени во ред на боговите. Незнабоштвото во суштина е култ на мртвите, на кои им се принесувале жртви."

„Тие се придружија кон Ваал Фегор и јадеа жртви, принесувани на мртвите" (Псалм 106,28).

„Обожавањето на мртвите, како и божемното општење со умрените, заземало истакнато место речиси во секој незнабожечки систем. Се верувало дека боговите им ја соопштуваат на луѓето својата волја и доколку луѓето тоа го бараат, тие им даваат совети. Прочуените пророчишта кај Грците и Римјаните имале исто обележје" (П.П. 722).

Еден интересен пример на стариот спиритизам е забележан во Светото Писмо во 1. Самуилова 28,7-19. Овде се спомнуваат три лица: пророкот Самуил, царот Саул и вражарката од Ендор.

Пророкот Самуил бил мртов (1. Самуилова 28,3). Царот Саул бил во голема неволја - ѝ се заканувала опасност на неговата држава и на неговиот живот (1. Самуилова 28, 4.5). Бидејќи Бог не одговорил на барањето на Саула, тој решил да ја праша за совет вражарката од Ендор.

„И им рече Саул на слугите свои: ‚Најдете ми жена маѓепсница (вражарка), и јас ќе одам кај неа и ќе ја прашам.' И му одговорија неговите слуги: ‚Тука во Ендор има жена маѓепсница.'

И ги соблече Саул алиштата свои и облече други, и тргна тој и двајца луѓе со него, и дојдоа кај жената ноќе. И ѝ рече Саул: ‚Те молам, гледај ми, и извикај ми, кого што ќе ти кажам.'

Но жената му одговори: ‚Ти знаеш што направи Саул, знаеш дека тој ги истера од земјата гатачите и гледачите; зошто тураш стапица на душата моја за да ме погубиш?'

И Саул ѝ се заколна во Господа, велејќи: ‚Жив ми Господ, нема да ти се случи ништо лошо за тоа.'



Тогаш жената праша: ‚А кого да ти го извикам?' Тој одговори: ‚Извикај ми го Самуила.' И жената го виде Самуила и високо извика; жената се обрна кон Саула и рече: ‚Зошто ме излага? Ти си Саул.'

Царот ѝ рече: ‚Не плаши се; кажи што гледаш?' Жената одговори: ‚Гледам како ѓоа Господ излегува од земјата.' ‚Каков е тој на изглед?' праша Саул. Таа одговори: ‚Излегува од земјата престар маж, облечен во долга облека.' Тогаш Саул дозна дека тоа е Самуил, падна ничкум на земјата и се поклони.

И Самуил му рече на Саула: ‚Зошто ме обеспокојуваш да излегувам?‘ А Саул одговори: ‚Многу ми е тешко; Филистејците војуваат против мене, а Бог отстапи од мене и повеќе не ми одговара ни преку пророци, ни на сон, ни во видение; затоа те повикав, за да ме поучиш, што да правам.‘

Самуил одговори: ‚А зошто ме прашуваш мене, кога Господ отстапил од тебе и станал твој непријател? Господ ќе ти го направи тоа што го говореше преку мене: ќе го одземе Господ царството од рацете твои и ќе му го даде на твојот близок, на Давида‘“ (1. Самуилова 28,7-17).

Кој бил тој „старец облечен во долга облека“ кој се појавил на повикот на вражарката? Дали навистина тоа бил покојниот пророк Самуил, како што верувал Саул?

За да одговориме на ова прашање, треба да знаеме две работи: она што го вели Библијата за вражарите (бидејќи овде вражарката е во улога на медиум) и она што го вели Библијата за состојбата на мртвите (бидејќи овде се спомнува покојниот пророк Самуил).

Во Светото писмо се дадени најстроги забрани во врска со вражбата, со спиртизмот и со барањето на совет од разни медиуми.

„Кога ќе влезеш во земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава, да не свикнеш да правиш гнасотии, какви што вршеле тие народи; да не се најде пред тебе човек што го тера синот свој или ќерката своја преку оган, заради очистување, или да претскажува, да гата, или како маѓепсник (вражар), чародеец, ни гледач на утроба, ниту, пак, што гледа по знаци, ниту таков што повикува **мртви**; зашто секој, што го прави тоа, е **гнасен** пред Бога, и токму поради тие гнасотии Господ, твојот Бог, ги изгонува од пред тебе“ (5. Мојсеева 18,9-12).

Бог покажал силно негодување спрема оние кои се занимаваат со вражба и со спиритизам, осудувајќи ги истите на смрт.

„И ако некоја душа тргне по оние што гатаат на животински црева, и по маѓесници, за да го следат нивното блудство, јас ќе го свртам лицето мое против таа душа и ќе ја истребам од народот нејзин“ (3. Мојсеева 20,6). Дури и оние кои прашувале за совет требало да бидат истребени!

Вражбата, договарањето со злите духови и комуницирањето со мртвите или со спиритизмот Бог го нарекува **гнасотија**, а лицата кои се занимаваат со тоа ги осудува на смрт. Ако Самуил по својата смрт бил жив, како што веруваат симпатизерите на вродена

бесмртна душа, очигледно е дека тој, како Божји пророк, се наоѓал во рајот. Можеме ли тогаш да веруваме дека една вражарка има власт да повика еден светец од рајот!? Тоа е бесмислено. Или пак Бог, на повик на вражарка, да му дозволи на Самуил да му се јави на Саула? Тоа е исто така бесмислено, бидејќи на тој начин Бог би го потврдил она што го нарекува **гнасотија.**

Противречноста произлегува од самиот текст. Во него се вели дека наводно Самуил му рекол на Саула: „Утре ти и синовите твои ќе бидете кај мене“ (1. Самуилова 28,19). Ако Самуил, како праведен Божји човек бил во рајот, како е можно и Саул да биде во рајот кога знаеме дека тој отпаднал од Бога и извршил самоубиство?

Спиритистичкото верување дека духовите на мртвите можат да се појават и да разговараат со живите се темели на верувањето дека човечкиот дух продолжува да постои во свесна состојба и по смртта и дека тој дух всушност е вистинскиот човек. Ваквото учење е спротивно на науката на Светото писмо.

Што учи Светото писмо - што се случува со душата на човекот кога тој ќе умре?

„И ќе се врати правот во земјата, како што си бил, а духот ќе се врати кај Бога, кој го дал“ (Проповедник 12,7).



Бог го создал човекот од земен прав и му дувнал во носниците дух животен, и така тој станал душа жива (1. Мојсеева 2,7).

Кога телото се соединило со животодавниот дух, човекот станал жива душа или живо суштество. Кога Бог ќе го повлече животодавниот дух, тој престанува да постои како жива душа.

„Живите знаат дека ќе умрат, а мртвите ништо не знаат, и веќе за нив нема награда, зашто и споменот за нив е предаден во заборав. А и љубовта нивна, и омразата нивна и љубомората нивна веќе исчезнале, и ќе немаат дел довека во ништо што станува под сонцето“ (Проповедник 9,5.6).

Ова соодветствува со извештајот во Псалм 146.4: „Излегува духот негов, и тој се враќа во земјата своја: во тој ден исчезнуваат сите негови помисли.“

Слично ни кажува и праведниот Јов: Кога Бог би го повлекол

својот дух од човекот, тој би загинал, би се вратил повторно во прав (Јов 34,14.15).

Со смртта се прекинува врската на телото со животодавниот дух и човекот престанува да постои како живо и свесно суштество. Со воскресението Бог повторно на човекот му го создава телото и му го враќа животодавниот дух и тогаш тој одново станува свесно суштество. Воскресението е Божји создателски акт, и тоа ќе се случи во иднина (Јован 5,28.29).

Ако ликот што го видела вражарката кој излегувал од гробот бил ликот на Самуил, тогаш во некоја смисла тоа било воскресение. А кој ѝ дал власт на вражарката да го воскресне Самуила? Зар Бог? Сигурно не! Или можеби сатаната? Не, ни тој, бидејќи никаде во Библијата не наоѓаме дека тој има власт да подига мртви.

Врз основа на сето она што го кажавме до сега јасно произлегува дека овој фантом или материјализиран дух, кој му се јавил на Саула на повик на вражарката од Ендор, не бил покојниот Самуил, туку сатаната, кој го имитирал ликот и гласот на Самуил со единствена цел да го прелаже Саула.

## КОИ СЕ СПИРИТИСТИЧКИТЕ ДУХОВИ?

Со ова прашање доаѓаме до главната мисла - кои се навистина тие духови кои се јавуваат на спиритистичките сеанси? И веднаш одговараме: тоа не се духовите на покојниците, бидејќи Божјата реч учи дека мртвите за време на смртта се наоѓаат во бесвесна состојба. Ако духовите имаат можност да им се јавуваат на живите и да разговараат со нив, зошто тогаш тие не ја користат повеќе таа можност?

Библијата зборува за светот на духовите. Во невидливиот свет постојат разумни суштества, но тоа не се духови на покојниците. Тоа се отпаднати ангели или демони. Библијата учи дека постојат добри и зли ангели или демони.

Добрите ангели се „службени духови кои се пратени во служба на оние кои ќе го наследат царството“ (Евреите 1,14). Ангелите не се бестелесни луѓе, туку суштества од поинаков свет од нашиот. Тие постоеле пред создавањето на луѓето. Ангелите се духовни суштества кои имаат тела, кои во посебни околности се покажуваат (Лука 20,34-36; Евреите 13,2; Лука 1,26-36; 2,9-14).

Дали за време на спиритистичките сеанси се појавуваат Божји

ангели? Секако дека не. Бидејќи духовите, кои се појавуваат на тие сеанси, лажат и употребуваат прости, вулгарни зборови. Еден спиритист рекол: „Духовите ми зборуваа толку валкани работи, што еден ден го фрлив столчето низ прозорецот."

Останува само еден одговор: **на спиритистичките сеанси се јавуваат злите (отпаднатите) ангели или демони**. Апостол Јован напишал: „Оти тоа се ѓаволски духови кои прават чуда..." (Откровение 16,14). А апостол Павле нагласува: „А Духот јасно зборува дека во последните времиња некои ќе отстапат од верата, слушајќи измамливи духови и ѓаволски учења" (1. Тимотеј 4,1). Нема сомневање дека на спиритистичките сеанси се појавуваат вистински духови. Но тоа не се духови на умрените, туку духовите на отпаднатите ангели кои се престориле и примиле лика на умрените, и прават разни чуда и глупости.

„Никаде злите духови не можат со таков успех да ги лажат луѓето како на оние чудни, таинствени спиритистички сеанси. Околностите во кои се одржуваат сеансите, начинот на кој се прашува, целта за која се оди - сето тоа е толку смешно и недостојно. Бог и неговите ангели сигурно не го прават тоа, и не можат да бидат причина за таквите работи кои се случуваат на повик или на молба на медиумот..." (Dr. V. Keilbach, Парапсихологија и религија, стр. 93.94).

Е. Г. Вајт пишува: „Мнозина ќе се соочат со ѓаволските духови што ќе им се појават во облик на нивните мили роднини и пријатели објавувајќи им најопасни заблуди. Овие посетители ќе влијаат врз нашите најнежни чувства и ќе прават чуда за да ги поткрепат своите тврдења. Мораме да бидеме подготвени да им се противставиме со библиската вистина дека мртвите не знаат ништо и дека оние што се јавуваат така се ѓаволски духови" (Големата борба, стр. 492).

## ПОТЕКЛОТО НА СПИРИТИЗМОТ И СПИРИТИСТИЧКИТЕ ЛАГИ

Првата спиритистичка сеанса на сатаната била одржана во Едемската градина, кога сатаната проговорил преку змија (1. Мојсеева 3,1-6). Сатанското искушение било необично уверливо, бидејќи било натприродно. Сатаната се послужил со медиум, односно употребил друго орудие наместо себе. Го употребил својот ум за да ја натера Ева да го послуша другиот глас, а не Божјиот.

Искушението било магично и доста уверливо, но всушност тоа



било голема лага. Сатаната, таткото на лагата, ѝ кажал на Ева две лаги: **Нема да умрете! И ќе станете како богови**! (1. Мојсеева 3,4). Од тогаш, па до денес, милиони луѓе верувале и веруваат во овие две измислени лаги во науката: **во вродена бесмртност на душата и во човеково лично воздигнување до божество**. На овие две лаги се темели спиритистичкото учење.

Првата и најголема спиритистичка лага и порака на таа прва сеанса било побивањето на смртта и тврдењето за бесмртност на човечката душа. Човекот паднал во грев, а плата за гревот е смрт (Римјаните 6,23), но сатаната сепак успеал да ги убеди луѓето дека смрт не постои и дека она што нам ни се чини дека е смрт, е само премин од овој - во еден друг, побогат живот.

Секоја спиритистичка сеанса, одржана по онаа во рајот, всушност ја потврдува истата порака - дека човекот може вечно да живее без Бога и дека може да постигне совршенство без Бога. Спиритизмот ја отфрла евангелската вистина дека вечниот живот е дар од Бога и дека бесмртност можеме да добиеме единствено преку Христа. Спиритизмот се спротивставува на евангелската вистина која учи дека единствено Бог е бесмртен (1. Тимотеј 1,17; 6,16) и дека



вечниот живот е Христов дар за оние кои го следат неговиот пример (Римјаните 6, 23). „Кој го има Синот Божји, тој го има и тој живот; кој го нема Синот Божји, го нема тој живот“ (1. Јованово 5,12).

Втора спиритистичка лага, која се темели на првата сатанска лага: луѓето на крај ќе станат богови. Кога на вражарката во Ендор ѝ се покажал наводно Самуил, таа кажала: „Гледам богови кои излегуваат од земјата“ (1. Самуилова 28,13).

Спиритизмот учи дека човекот е прогресивно суштество, дека сам по себе постигнува совршенство, па затоа не му

се потребни ниту Библијата, ниту Исус, ниту Божјите заповеди.

„Така на местото на правдата и совршенството на вечниот Бог, на местото на вистинскиот предмет на почитување, и на местото на совршената праведност на Божјиот закон, на вистинското мерило на човечкиот идеал, сатаната ја поставил грешната и непостојана човечка природа како единствен предмет на почитување, како единствено правило на судот и мерило на карактерот. Тоа е напредок, но не напред, туку назад“ (Големата борба, стр. 487).

Никогаш човекот не може да постигне совршенство со своја сила. Само Божјата милост може да го облагороди човекот. Препуштен сам на себе, тој неизбежно ќе паѓа сѐ пониско.

Спиритистите во повеќе случаи проповедаат реинкарнација, односно дека истата душа повеќе пати се раѓа на светот со ново смртно тело. Еве ја нивната наука по тоа прашање: „Во почетокот Бог ги создал сите духови едноставни и без знаење. Но сите мора да постигнат иста цел - совршенство. Должината на патот за сите е еднаква, но времето да се изоди тој пат за сите не е еднакво. Времето за постигнување на совршенство зависи од напорите што ги вложува духот за стекнување на знаење и совршенство низ искушенија. Сите души можат да се усовршат; сега или подоцна ќе се постигне целосно совршенство“ (Dr. L. Wanthy, Science et spiritisme, 203).

Ова учење е спротивно на учењето на Светото писмо кое ја отфрла науката за реинкарнација со едноставни зборови: „Бидејќи на луѓето им е одредено еднаш да умрат“ (Евреите 9,27). „Плата за гревот е смрт“ (Римјаните 6,23). „Смрт“ е во еднина, а не во множина.

Верувањето дека сите души на крај ќе постигнат совршенство и ќе бидат како богови е спротивно на јасната Исусова изјава: „И овие (неправедните) ќе отидат во вечни маки, а праведниците во живот вечен“ (Матеј 25,46).

На спиритистичките сеанси сатаната прави понекогаш да се појават лица за кои се знае дека во гроб отишле непомирени со Бога. Тие духови (лица) често се фалат дека се среќни на небото и дури горе заземаат висока положба. Така сатаната прави голема забуна дека на крајот нема да има разлика меѓу праведните и грешните, дека сите ќе се спасат и ќе уживаат во небесното блаженство. На тој начин спиритистичкото учење го поткопува учењето на Светото писмо, го отфрла Божјиот закон, го омаловажува Христа и неговата

крв која е пролеана на голготскиот крст, а себе се поставува на местото на Создателот. Со тоа големиот бунтовник во нова наметка води војна против Бога, онаа војна што ја почнал на небото, а продолжува на земјава веќе шест илјади години (Откровение 12,7-12).

## ОПОМЕНА ЗА ПОСЛЕДНИТЕ ДЕНОВИ

Опишувајќи го сатанското делување, Исус Христос преткажал дека спиритистичките чуда во последното време ќе се зголемат. Тој ја дал следната опомена: „Тогаш ако ви каже некој: ‚Еве, овде е Христос, или таму е‘, не верувајте! Оти ќе се појават лажни христоси и лажни пророци, и ќе покажат големи знаци и чуда за да ги прелажат, ако е можно, и избраните“ (Матеј 24,23-24).

Сатаната ќе се обиде да го имитира Христовото второ доаѓање. Но, за среќа, нема да успее да произведе слава која ќе го исполни целото небо.

Пред Христовото доаѓање ќе се случат разни сатански чуда (2. Солуњаните 2,8.9). Преку спиритизмот сатаната ќе се појавува како добротвор на човештвото, ќе ги лекува луѓето од нивните болести. „Овие сатански застапници тврдат дека лекуваат болести. Својата моќ ја поврзуваат со електрицитетот, со магнетизмот или со таканареченото симпатетичко лекување, а всушност тие се само проводници на сатанскиот електрицитет. На тој начин сатаната ја манифестира својата сила врз човечкото тело и душа“ (Евангелизам 459).

Апостол Јован ги опишува сатанските чуда во последните денови: „И правеше големи чуда, па дури и оган да симнува од небото на земјата пред луѓето. И ги мамеше жителите земни со чудата, што му беа дадени ди ги врши...“ (Откровение 13,13.14). Ова пророштво не зборува за лага, туку за вистински чуда.

Пророк Исаија нè опоменува да се пазиме од опасноста на спиритистичките заблуди. „И кога ќе ви речат: ‚Обратете се кон маѓепсници, кон бајачи и оние кои говорат од стомак‘, тогаш одговарајте: ‚Не треба ли народот да се обрати кон својот Бог? Се прашуваат ли мртви за живи?‘ Допрашај се до законот и откровението! Ако некои речат дека не е така, тогаш за нив нема светлина“ (Исаија 8.19.20).

## ЗОШТО ТРЕБА ДА СЕ ПАЗИМЕ ОД СПИРИТИЗМОТ?

1. Затоа што неговото учење е спротивно на учењето на Светото писмо за човечката природа и за неговата состојба за време на смртта.
2. Затоа што тоа учење ја поткопува верата во Светото писмо и Божјето откровение, бидејќи учи дека на крај и неправедните и праведните ќе го наследат вечниот живот, и тоа без Исуса и без послушност кон Божјиот закон.
3. Затоа што влијанието на спиритизмот врз човекот е погубно како во физички, така и во духовен поглед. Спиритистичкото учење го прави човекот најпрвин делумно, а потоа целосно неверник.

Леон Дениц предупредува на опасноста која демне над сите кои одржуваат врска со злите духови. „Понекогаш силата на духовите е толку голема што можат да ги натераат своите жртви на злосторство или пак кај истите да предизвикаат лудило.“ Во многу болници и лудници има голем процент на такви кои порано се занимавале со спиритизам.

Спиритизмот е пакт со смртта и со гробот, пакт со сатаната. На спиритистите се однесуваат зборовите: „Бидејќи говорите: ‚Сме склучиле сојуз со смртта, и со пеколот (гробот) сме направиле договор...‘“ (Исаија 28,15).

Учењето дека можеме да се спасиме без Христа и без Божјите заповеди е лажно прибежиште, лажно засолниште.

Бог во свое време ќе го разоткрие сатанското дело и оние кои прават договор со мртвите и кои стапуваат во сојуз со сатаната (Исаија 28,17.18). Ова пророштво се однесува на конечното уништување на сатаната и грешниците во денот на Божјиот суд.

Во последните денови сатаната со знаци и чуда ќе го мобилизира светот за војна против Бога. „И видов кога од устата на ламјата и од устата на ѕверот и од устата на лажниот пророк излегоа три нечисти духа, како жаби; оти тоа се ѓаволски духови, кои прават чуда; тие одат кај царевите на целиот свет за да ги соберат за војна во оној голем ден на Бога Седржителот“ (Откровение 16,13.14). Освен оние кои својата вера ја темелат исклучиво на Божјата реч, сите други ќе бидат прелагани со ова голема лага.



Затоа е многу важно да ја проучуваме Библијата, да се вооружиме со неа за да можеме да се одбраниме во времето на големите искушенија.

Не е наше да се интересираме за судбината на мртвите. Таа е во рацете на Бога. Наша работа не е да ги прашуваме мртвите за својата судбина. Сè што треба да знаеме за нашата вечна иднина откриено ни е во Божјата реч. Таа нè запознава со Христа преку кого имаме вечен живот ако го примиме како свој личен Спасител. Со неговата милост, која ни стои на располагање, ќе можеме да го изградиме нашиот карактер според Божјиот пример, кој ќе ни биде гаранција во часот на скорашното второ Христово доаѓање.

---

Издава: **АИК „Знаци на времето“, ул. Влае 42 - 1001 Скопје**
За издавачот: **Михајло Гурев**
Одговара: **авторот**

**ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА**
Бесплатен курс за проучување на Библијата по дописен пат




**SMS**
Лекциите можете да ги порачате и преку SMS!
**Како? Лесно!** Вашите податоци (име, презиме и адреса) + кратенката **DBS** (за Дописна Библиска Школа), испратете ги како SMS порака на тел.: **071/569 076**

**ПОРАЧКА**

Име и презиме

Адреса и пошт. број

Ако сакате да ги порачате првите лекции по пошта, ставете ја порачкава во плик и пратете ја на адреса: **„Дописна Библиска Школа“, поштенски фах 215 - 1001 Скопје**